**Наслов** **FW: молба за доставување податоци**

[redacted]

Датум 16.03.2021 13:48

---

Почитувани,

Поврзано со пораката подолу, за која веќе ни доставивте податок, по доставување на податоците до УНИЦЕФ, замолени сме да направиме дополнување со следните податоци:

- Колку и кои судии постапуваат со малолетни деца
- Колку и кои судии постапуваат во кривичен оддел – полнолетни
- Колку и кои судии постапуваат во предмети за семејно насилство (граѓански оддел)

Можеби не ја употребив точната формулација како се поделени одделите, но се надевам дека ме разбравте.

Ве молам ако може денес да ми го доставите податокот (на маил), итно е потребно и ние да ги доставиме.

Благодарам.

Со почит,

Наташа

---

[redacted]

Почитувани,

Академијата за судии и јавни обвинители, од страна на УНИЦЕФ е известена дека во рамки на проектот „ПРАВ(ДА) ЗА ДЕЦА – ЕУ ЗА МАЛОЛЕТНИЧКА ПРАВДА И ПРАВДА ПО МЕРКА НА ДЕЦАТА", УНИЦЕФ

во соработка со ИНДАГО спроведува истражување за знаењата, ставовите и практиките на професионалците во системот за правда за деца.

Истражувањето ќе се спроведува на репрезентативен примерок на професионалци кои се дел од системот на правда за децата во Република Северна Македонија. Крајната цел на истражувањето е зајакнување на меѓусекторската соработка помеѓу професионалците од различните сектори кои се од значење за реализација на правата на децата кои дошле во контакт со системот за правда.

Истражувањето ќе се базира на структуриран прашалник во траење од 30 минути и ќе биде спроведено од страна на стручни лица од агенцијата во време и место кое заедно ќе го договорат со соодветното лице од институцијата.

Со цел креирање на репрезентативен примерок на професионалци ангажирани во системот за правда на децата, потребно е креирањето на рамката на примерокот да ги опфати сите судии и сите јавни обвинители кои работат на малолетничка правда, со цел случаен избор на испитаници што ќе овозможи проекција на резултатите на севкупната целна популација.

**Заради исполнување на оваа цел, Ве молиме да ни доставите листа на сите судии кои постапуваат со деца, малолетници, со цел креирање на примерокот на професионалци. Заради итноста во спроведувањето на предвидените активности на проектот, Ве молиме податокот да ни го доставите до утре, петок 12.3.2021 година. Случајно избраните судии ќе бидат контактирани од страна на Индаго за учество во истражувањето**.

Ви благодариме на соработката.
Со почит,

[redacted]

---

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Поракава е наменета единствено за лицето или институцијата до која е испратена. Оттаму, истата е строго доверлива и со законски заштитена содржина, чие разоткривање е казниво со закон. Доколку лицето кое ја чита оваа порака не е оној/онаа кому истата му е пратена и/или не е вработен или одговорен за информациите што таа ги содржи, лицето се смета за известено дека е строго забрането било какво неовластено распространување, дистрибуција или копирање на материјалите вклучени во оваа порака. Мислењата и ставовите што ги содржи оваа порака се на нејзиниот автор и истите не секогаш се совпаѓаат со ставот на Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" на Република Северна Македонија. Ниту еден дел од оваа порака ниту од документите прикачени за неа не смее на било каков начин да се употребува или умножува.

Доколку документов сте го примиле по грешка, Ве молиме веднаш за тоа да го известите примателот и да ја уништите пораката.

ПОДАТОЦИ

Во Основен суд Прилеп во предмети со малолетни деца постапува еден судија и тоа:

- Судија Јованка Иваноска.

Во кривичен отсек – полнолетни постапуваат 4-ца судии и тоа:

- Судија Ордан Митревски
- Судија Ѕвонко Младеноски
- Судија Жарко Велески
- Судија Љубен Биноски

Во предмети за семејно насилство постапува еден судија и тоа:

- Судија Роска Станоеска

[redacted]